Институт за човекови права

Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0307-65/1
2019 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 03-407/1
23.09.2019 год.-viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на ден __________ година помеѓу:

**Академија за судии и јавни обвинители,** Бул. Јане Сандански бр.12 ламела 2, 1000 Скопје, застапувана од Проф. Д-р Наташа Габер - Дамјановска – Директорка;

и

**Институт за човекови права Скопје (ИЧП),** ул. „Киро Крстевски Платник“ бр.11-2/17, 1000 Скопје, застапувано од г-ѓа Маргарита Цаца Николовска – Претседателка;

## Предмет на соработка

### Член 1

Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија и Институтот за човекови права Скопје (во понатамошниот текст: ИЧП) се согласија за воспоставување на меѓусебна соработка и поддршка со цел заеднички придонес во обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи, зајакнување на довербата во правосудството, зајакнување на правната сигурност, а особено поддршката на Академијата за судии и јавни обвинители ќе биде изразена при поднесување на апликации за проекти од страна на Институтот за човекови права Скопје кои ги имаат овие цели.

## Остварување на соработката

### Член 2

Соработката меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и ИЧП особено вклучува заемно ангажирање на нивните членови како учесници, обучувачи, експерти или излагачи од областа на правосудството, човековите права и слободи, владеење на правото и меѓусебна размена на информации од заеднички интерес.

Соработката меѓу Академијата за судии и јавни обвинители и ИЧП исто така вклучува ангажирање на претставниците на Академијата за судии и јавни обвинители во реализација на проектни активности спроведувани од страна на ИЧП.



**Член 3**

Соработката претпоставува размена на информации во врска со подготвување и учество на семинари, тркалезни маси, работилници, конференции, стручни расправи, трибини, заедничко организирање на настани и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу двете страни, а ќе произлезат од нивните актуелни потреби и програмските определби.

**Член 4**

Активностите кои се предмет на овој Меморандум за соработка, вклучуваат:

1. Академијата за судии и јавни обвинители и ИЧП ќе соработуваат и заедно ќе настапуваат на проекти кои имаат за цел обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи, зајакнување на довербата во правосудството, зајакнување на правната сигурност и олеснување на пристапот до правда, а сè кон остварување на општата цел – обезбедување на владеење на правото;
2. Академијата за судии и јавни обвинители на барање на ИЧП во секое време ќе ги направи достапни податоците со кои располага во рамките на својата работа, а со цел за реализирање на проектните активности и остварување на очекуваните резултати;
3. ИЧП на барање на Академијата за судии и јавни обвинители ќе ги направи достапни податоците од сопствените бази на податоци, резултатите од спроведените студии и истражувања, како и други податоци со кои што ИЧП располага во рамките на својата работа;
4. Други активности коишто спогодбено ќе ги одредат договорните страни, а се од заеднички интерес за двете страни.

**Член 5**

Двете страни се обврзани да ги исполнат обврските и почитуваат одговорностите кои произлегуваат од овој меморандум.

Соработката се координира преку лица за контакт кои се назначуваат од секоја страна посебно.

Заради остварување на соработката, страните се обврзуваат да утврдат и воспостават постојан механизам за координација и размена на информации.

**Член 6**

Соработката може да се прошири и да се продлабочува на предлог на секоја од договорните страни доколку за тоа постои заемен интерес.

**Член 7**

Во случај на какво било несогласување кое ќе произлезе при спроведување на Меморандумот за соработка, истото ќе биде разрешено помеѓу Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија и Претседателката на Институтот за човекови права (ИЧП) Скопје.

**Член 8**

Овој Меморандум стапува на сила од денот на неговото потпишување.

Меморандумот е склучен во два истоветни примероци, од кои по еден за секоја договорна страна.

**Институт за човекови права Скопје**
**Претседателка:**

**Маргарита Цаца Николовска**

______________________

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Директорка:**

**Наташа Габер - Дамјановска**

______________________